СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Педесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 23.07.1996 година

Скопје, јули1996 година

**II ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 50-та СЕДНИЦА. НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНАНА 23.07.1996г.**

1. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 4, 5, 6
2. АБДИ ФАИК - 46
3. АРСОВСКИ БРАНКО - 56, 60
4. КАРОВ ИЛИЈА - 60
5. НИКОЛОВСКИ ДУШАН - 28
6. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 1, 11, 12, 15
7. ПОПОВСКИ ВЛАДО - 5, 6, 8. 11, 13
8. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 41
9. ПАУНОВ ТОДОСИЈЕ - 62
10. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 14, 15, 33, 35, 69
11. ТАИРИ МЕВЉАН - 8, 9, 10, 11, 39
12. ТРИПУНОВСКИ МИРКО - 43, 44
13. ТАНТАР0В ВЕЉО - 47, 51
14. ФИТИ ТАКИ - 16, 25, 64, 68
15. ШАПУРИЌ ЗОРАН - 52

Т.2-Амандманска расправа по Кривичниот закон - стр.1
Т.3 - стр.1б - Предлог на закон за царинската тарифа

седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## Од второто продолжение на Педесеттата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 23.07.1996 година

Седницата се одржа во сала 1 ан Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,50 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците: Митко Ристовски, Драган Ѓорѓиев, Зоре Темелковски, Иван Бојков, Митко Илиевски, Дане Милошевски, Љупчо Беличев, Нано Ружин, Здравко Стојковски, Владе Давитковски, Јован Србиновски, Јане Ангеловски, Слободан Богдановски, Никола Трајановски, Димитрија Поповски, Љубисав Иванов и Славе Наумовски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на,Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на Кривичниот закон.

I/2.- ЛП/ОМ

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 120 став 3,на член 137 став 1, на членовите 305, 309, 311, 312 став 1; 313, 314, 315, 318 и 320 и на член 425 , со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на предлогот на законот.

Комисијата за внатрешна политика и одбрана поднесе амандмани на член 50 став 2; членовите 75, 81 став 2, точка 5; член 76 став 1; член 81 став 2, точка 14; член 83 став 3; член 99 став 1 и 2; член 128 став 3 и 5; член 143; член 186 став 4 и 5; член 187 став 1 за менување на став 3 и на став 4; на поднасловот на член 188; член 203 став 1; член 215 став 4; на поднасловот на член 216 и на член 216 став 1 и 3; на насловот на глава 22, во поднасловот на член 218 , во член 218 став 1,2 и 4, поднасловот на 230, член 230 став 1 и поднасловот на член 243; член 223 став 1; член 224 став 1; член 227 став 2; член 228 став 5; член 229 за менуваше на став 2; член 256 став 2; членвите 263,325 став 3, 363 став 3, 364 став 2 и 365 став 5; член 270 став 1; член 271 став 1 и 2; член 286 за менување на местата на ставови- те 2 и 3; член 292 став 1 и 3; член 327 став 3; член 339 став 1; член 348 став 1; член 412 , член 413 и за менување на член 426, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на Предлогот на законот.

Пратеникот Бранко Арсовски поднесе амандман на член 263, член 325 став 3, член 364 став 2 и член 365 став 5.

Амандман со иста содржина поднесе и Комисијата за внатрешна политика и одбрана со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Благоја Стефановски, Љубомир Чадиковски, Рубинчо Белчевски, Благоја Силјановски, Бранирод Михајловски, Мирко Трипуновски Нано Ружин, Атанас Вангелов, Никола Г. Поповски, Мевљан Таири, Слободан Најдовски, Славко Котевски,Марјан Начевски, Вељо Тантаров и Живко Јанкуловски поднесоа амандман за менување на член 157 , за додавање два нови члена 157-а и 157-б и на член 426 за додавање нов став 2 и истите ги повлекоа.

Пратениците Благоја Стефановски, Љубомир Чадиковски , Рубинчо Белчевски, Благоја Силјановски, Бранирод Михајловски, Мирко Трипуновски, Нано Ружин, Атанас Вангелов, Никола Г. Поповски, Мевљан Таири, Слободан Најсовски, Славко Котевски, Марјан Начевски, Вељо Тантаров и Живко Јанкуловски поднесоа амандман на член 157 за додавање нов став по ставот 5 и истиот го повлекоа.

Пратениците Благоја Стефановски, Љубомир Чадиковски, Рубинчо Белчевски, Благоја Силјановски, Бранирод Михајловски, Мирко Трипунов- ски, Нано Ружин, Атанас Вангелов, Никола Г. Поповски, Мевљан Таири, Слободан Најдовски, Славко Котевски, Марјан Начевски, Вељо Тантаров и Живко Јанкуловски поднесоа амандман за менување на член 157 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Газменд Ајдарага поднесе амандман на член 35 за бришење на став 7, член 47 за менување на став 3, член 50 за менувње на став 2, член 63 став 4, член 161 за додавање нов став 3 по ставот 2 и за бришење на поднасловот на член 388 и член 388 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Мевљан Таири поднесе амандмани на член 137 став 2, член 138 став 2, член 139 став 1 и за додавање на нов став 2;член 140 став 1 ,3.4 и 5; член 141 став 1 и 2 ; член 142 став 1 и 2, член 143 , член

145 став 1 и 2; и на член 146 став 1 и 2 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 35 за бришење на став 7 поднесен од пратеникот Газменд Ајдарага.

Го молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа, затоа што во овој закон се определува основата во Законот за извршување на кривичните санкции, се доработуваат тие институти.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

Г-динот Ајдарага има збор.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Господа пратеници, г-дине претседателе, господа министри, мислам дека образложението што го даде министерот по однос на овој амандман не држи, од причина што ова е кривичен законик, а не е законик за извршување на кривичните санкции. според тоа, предлагам да се брише ставот 7 од членот 35. Мислам дека само со тој законик треба да се регулираат тие прашања, а не со овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

7 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 35 за бришеше на ставот 7 поднесен од пратеникот Газменд Ајдарага.

Отворам претрес по амандманот на членот 47 за менување на став 3 поднесен од пратеникот Газменд Ајдарага.

Го молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

И првиот и овој амандман се однесуваат на општиот дел на Кривичниот закон, кој што како систем важи за сите закони, па заради тоа немаше потреба да се промени првиот, а и овој не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Г-дин Ајдарага бара збор.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Повторно слично образложение , меѓутоа, јас ќе кажам нешто што можеби малку ќе Ве насмее. Да не даде Господ да се биде во затвор, односно во притвор. Јас не сум бил досега и не се надевам дека ќе одам, меѓутоа од оние кои што биле во притвор знаат каков е притворот не е како и затворот. От тие причини мислам дека тие денови при сметање на казната, односно при издржување на казната треба да се смета за повеќе денови. Јас предлагам да биде еден ипол. Поради тоа предлагам, нема никаква друга причина. Се знае кои се мерките, дали може со фамилија да контактира, дали може со други да контактира, храна и т.н. Од тие причини мислам дека е одржливо да биде повеќе , тие денови да се сметаат за ден ипол.

I/6.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 47 за менуваше на став 3, поднесен од пратеникот Газменд Ајдарага.

Отворам претрес по амандманот на член 50 за менување на став 2 поднесен од пратеникот Газменд Ајдарага.

Го молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа затоа што предвидува условната осуда може да се изрече кога е утврдена казна затвор во траење од 1 година. Основниот текст на Кривичниот законик предвидува дека таа може да се изрече и тогаш кога се утврдува казна од 2 години, што значи основниот текст е полиберален, а овој амандман е по рестриктивен

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Ајдарага има збор.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Од причина што еве министерот никогаш не е волен , никогаш не искажува добра желба и кога постојат добри амандмани тоа да го чини, да прифати мој амандман, јас го повлекувам амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 63 став 4 , поднесен од пратеникот Газменд Ајдарага.

Го молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 137 став 2 поднесен од пратеникот Мевљан Таири.

Го молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 138 став 2 поднесен од пратеникот Мевљан Таири.

Го молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 139 став 1 и за додавање на нов став 2 поднесен од пратеникот Мевљан Таири.

Г-дине Таири, повелете само доколку го повлекувате.

**МЕВЉАН ТАИРИ:** (Од место)

Амандманот на став 1 го полекувам, а на став не го повлекувам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи само за додавање на нов став 2.

Го молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Го прифаќаме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 140 став 1,3,4 и 5, поднесен од пратеникот Мевљан Таири.

Има збор г-динот Таири, само доколку го повлекува амандманот.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Нешто повлекувам.

Амандманот на став 1 го повлекувам и амандманот на став 4, другите два амандмани не ги повлекувам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи останува амандман на член 140 став 3 и 5.

Го молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

За ставот 3 се прифаќа, бидејќи востановуваме систем на зголемување на долната граница од 3 на 6 месеци, кога станува збор

за службено лице, а ставот 5 не го прифаќаме бидејќи ја зголемува горната граница од 3 на 5 години, што го нарушува системот на казнувањето.

Само уште малку да појаснам дека од 3 до 5 години е рамката што ја дава основниот текст на законот. Г-динот пратеник предлага долната рамка да се покачи од 6 на 5 што значи дека во ублажувањето на казната симнувањето би можело да биде само до 6 месеци, а во основниот текст е до 3 години. Квалитетно не се добива ништо во случаи кога одговорноста на службеното лице е навистина квалификуван облик на одговорност.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Таири има збор.

**МЕВЉАН ТАИРИ:** (од место)

Го повлекувам и амандманот на став 5.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Таири го повлекува амандманот на став 5.

Амандманот на став 3 го прифаќа министерот Поповски, а на став 5 го повлекува г-динот Таири.

Отворам претрес по амандманот на членот 141 став 1 и 2 поднесен од пратеникот Мевљан Таири.

Го молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**МЕЉАН ТАИРИ:(**од место)

Го повлекувам амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Таири го повлекува амандманот.

Отворам претрес по мандатарот на член 142, став 1 и 2, под- несен од пратеникот Мевљан Таири.

Го молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Исто така не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се повлекува амандманот од страна на г-динот Мевљан Таири.

Отворам претрес по амандманот на член 14 3 поднесен од пратеникот Мевљан Таири.

Го молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Се прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на членот 145 став 1 и 2 под- несен од пратеникот Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:** (Од место)

На ставот 1 го повлекувам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, г-дине Поповски да се произнесете само во однос на амандманот на член 145 став 2.

I/11.-

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот на став 2 се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на членот 146 став 1 и 2 поднесен од пратеникот Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ**: (Од место)

Амандманот на став 1 го повлекувам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Поповски, да се произнесете .

**ВЛАД0 ПОПОВСКИ:**

Се усогласивме со г-динот Мевљан Таири, ставот 2 го прифаќаме, бидејќи системот е тука.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 157 поднесен од пратениците Благој Стефановски, Љубомир Чадиковски, Рубинчо Белчевски,Благоја Силјановски, Бранирод Михајловски, Мирко Трипуновски, Нано Ружин, Атанас Вангелов, Никола Г. Поповски,Мевљан Таири,Слободан Најдовски, Славко Котевски, Марјан Начевски, Вељо Тантаров и Живко Јанкуловски.

Го молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот го прифаќаме со една измена и нудиме на предлагачите на амандманот во точката 6 да ја прифатат таа како правна формулација, подобра правна формулација на истото барање.

I/12.-

Имено, се би било прифатено точката 6 да гласи: "Ако повредата е сторена од правно лице, се казнува одговорното лице во правното лице".

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, имаме две варијанти, или претставник на предлагачите да се произнесе по модификацијата на г-динот Поповски или да се поднесе во писмена форма амандман.

**ПОВЕЌЕ ПРАТЕНИЦИ:**

Се согласуваме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се согласувате, благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 161 за додавање нов став 3 по ставот 2 поднесен од пратеникот Газменд Ајдарага.

Го молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа. Го има во член 163 став 2.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

7 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Сопранистон го усвои амандманот на член 161 за додавање нов став 3 по ставот 2 поднесен од пратеникот Газменд Ајдарага.

I/13.-

Отворам претрес по амандманот за бришење на поднасловот на член 388 и член 388 поднесен од пратеникот Газменд Ајдарага.

Го молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа бидејќи Кривичниот законик ги покрива практично оние добри вредности што ги востановува Уставот. Во случајот се предлага да се избрише Кривичното дело противправно менување на територијалната поделба на Република Македонија, а територијалната поделба на РМ е уставно установено добро на правниот поредок на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 4 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на поднасловот на член 388 и член 388 , поднесен од пратеникот Газмен, Ајдарага.

Продолжуваме со претрес на текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

60 пратеници гласаа за.

I/14.-

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање?

2 пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека Собранието го донесе Кривичниот законик. Преминуваме на Третата точка - Предлог на закон за царинската тарифа.

Г-динот Стојановски бара збор процедурално.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани министри, почитувани колеги непријатно ми е што не знам по кој пат интервенирам седниците на парламентот да се пренесуваат за целото време на нивното траење , а не како што е вообичаено во попладневните часови да се префрлаат на третата програма, која што најголемиот дел од граѓаните не може да ја следи. И самите констатираме дека имаме многу важни точки на дневниот ред и мислам дека ова треба да се уважи.

Јас доставив писмено барање и до претседателот на Собранието до директорот на Македонската Радио телевизија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (продолжение)

Тоа е едното прашање процедурално.

Второто е, би сакал на оваа или на следната седница претседателот на мандатно имунитетната комисија да не информира што станува со нашиот колега пратеник Арбен Џафери кој што година дена не присуствува ....

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте, тоа не е процедурално, г-дине Стојановски ве молам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Добро, уште ова.

И ве молам, бидејќи оваа седница ќе потрае повеќе денови, имаме следна седница, барам од Владата информација кои мерки ги превзема овие денови за да се ...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ.**

Немојте ве молам. Ама ве молам немојте.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Сослушајте ме само еден секунд.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ма, не, ве молам г-дине Стојановски. Тоа го утврдувавме на почетокот на седницата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има промена г-дин претседателе овие денови, да се заштити личната и материјалната сигурност на граѓаните на Тетово после вчерашните милитантни настапи таму. Само толку.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Стојановски, утре имаме нова седница, ве молам кога ќе го утврдуваме дневниот ред тогаш можете да побарате овие точки да бидат.

А, што се однесува до интервенцијата за пренесуваше на телевизијата, тоа неколку пати го повторуваме. Тоа е работа на МРТ, а не на Парламентот.

Минуваме **на точката три** - Предлог на закон за царинската тарифа.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор?

Има збор г-дин Таки Фити, министер за финансии

**ТАКИ ФИТИ:**

Почитуван г-дин претседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Мислев дека е добро на самиот почеток, пред да почнеме да разговараме за овој значаен закон да дадам едно кусо воведно излагање кое што на еден или друг начин во него ќе бидат опфатени клучните моменти на овој вонредно значаен закон.

Предлог-законот за царинската тарифа е многу значаен бидејќи навлегува во еден на клучните сегменти на макро - економската политика, тоа е надворешно - трговската размена и режимот надворешно - трговското работење. Многу е битен, бидејќи е во директна корелација со она што значи заштита на домашното производство. Општопознат е фактот дека, до колку е добра заштитена функција, одмерена и поставена, автоматски тоа и значи и развојна функција односно самиот царински тарифник ќе биде во функција на поддржување на сопствениот општествено - економски развој.

Сите знаете по прогласувањето на самостојноста на РМ во сила остана поранешниот Сојузен царински тарифник кој што на еден или друг начин одразуваше заштита на поранешното Југословенско производство.

И, токму заради тоа се наметнуваше потреба од изработка на сосема нов, би рекол квалитативно нов закон за царинска тарифа кој што во основа ќе го штити домашното производство односно производството на македонското стопанство. Имаше многу стерилни позиции во тој закон, стерилни за нашето стопанство бидејќи некои производи што се произведуваа во поширокото југословенско стопанство едноставно во нашата производствена структура не беа застапени.

Меѓутоа, не мжеше веднаш тоа да се промени со оглед на комплексноста на материјата што ја третира овој закон. Но, еве, после долга и упорна работа, мислам дека имаме еден закон кој што, како што реков е квалитативно нов, а пратениците, верувам, во денешната дискусија ќе оценат колку тој ги решава и своите основни функции, а тоа е во прв ред заштитната функција, развојната функција и фискалната функција.

Сакам да кажам дека Предлогот на закон за царинската тарифа е нов и модерен закон кој што ги одразува општите тенденции на либерализација на надворешно - трговската размена во светски размени во рамките на она што значи Светска трговска организација и во рамките на она што значи мултилатерални трговски преговори, како што е Уругвајската рунда и слично.

На самиот почеток сакам да ги потсетам самите пратеници дека царинската тарифа е интегрален дел на две компоненти. Едната е царинската номенклатура. Станува збор за тоа дека секоја позиција во предлогот на законот на царинскиот тарифник фактички е изразена со број и текстуално. Тоа е делот што го викаме царинска номенклатура и покрај царинската номенклатура, повторува која што е искажана со број и текстуално, постои и царинската стапка, односно царинското оптоварување.

Царинската тарифа е базирана врз Меѓународната конвенција за хармонизиран систем на имињата и шифрените ознаки на стоките кон кое РМ своевремено пристапи и мора да го респектира и да го почитува. Тоа значи дека сите стоки, сите позиции се искажувани и шифрирани на единствен унифициран начин во меѓународни размери, така што тоа страшно многу ма олеснува трговската размена меѓу земјите, Замислете на 8 илјади позиции секоја земја да има сосема различен начин на текстуално обележување на стоките. Не е можно, технички не е можно нормално да тече меѓународната трговија. Станува збор, значи, за еден универзален би рекол светски трговски јазик што го разбираат сите земји, сите нации што се членки на СТО и со тоа се прави голем чекор напред. Фактички сите производи во оваа номенклатура се поделени на 21 оддел, 97 глави и 5111 тарифни броеви.

Исто така сакам да ве потсетам дека хармонизираниот систем се менува на секои четири години. Тоа е меѓународен стандард од простата и едноставна причина што се развива технологијата , се развиваат нови технологии, а со развојот на новите технологии се јавуваат и нови производи што до тогаш не биле застапени во производните структури на одделните национални економии и тие нови производи, бидејќи се предмет на меѓународно тргување, мора да влезат во овој хармонизиран систем. Сите земји се обврзани тоа да го при- фатат. Тоа ќе биде обврска и за РМ во таа смисла.

Царинскиот тарифник е усогласен и со комбинираната номенклатура на Европската унија, што е сосема нормално, поаѓајќи од фактот дека ЕУ во 1989 година а и сега после осамостојувањето е најзначаен надворешно политички партнер на РМ. Со оглед на интеграционите процеси во рамките на ЕУ и нашата определба за интегрирање, со тек на време, кон ЕУ, тој момент е посебно значаен.

Кои се битните суштински измени, квалитативни измени што се предлагаат во новата царинска тарифа во однос на она што досега постоеше:

Прво, како што ви е познато доаѓа до општо намалување на степенот на царинската заштита во стопанството на РМ. Фактички царинското оптоварување се намалува, ако се мери просечно, не пондерирано, од постојните 26 на 15,90. Значи, имаме едно значајно намалување на досегашното царинско оптоварување. Тоа е дефакто кај сите позиции во царинскиот тарифник, со исклучок на две позиции што имаат посебен третман, специфична заштита, тоа се земјоделските производи и прехранбените производи, за што нешто подоцна ќе кажам повеќе.

Ново е тоа што овој царински тарифник се укинуваат нецаринските давачки, нецаринската заштита што досега постоеше. Тоа значи дека се укинува посебната такса на увезени стоки од 7,5% и давачките за израмнување на даночното оптоварување од 7,5% односно 7,5 + 7,5 е на 15% вкупно намалување во смисла на елиминирање на нецаринската заштита во стопанството на РМ. Тоа е во склад со општите тенденции на либерализација на надворешно - трговската размена во светски рамки. И во рамките на принципите на Светската царинска организација и во рамките на принципите на СТО.

Висината на царинската стапка се движи од слободно до 35% кај најголемиот број на позиции, а исклучок повторно прават земјоделските производи, каде што царинската стапка може да оди до 60%.

Она што е битно и она што порано предизвикуваше доста тензии, доста расправи, доста контроверзии меѓу стопанствениците е фактот дека сега со овој нов царински тарифник дефакто се укинува важењето на членот 53 од Законот за царина, поради што радикално се намалуваат царинските стапки кај стратешките суровини и репроматеријали. На пример сурова волна, памук, јаглен, се на слободно. За нив не се плаќа

царина, додека кај суровините од областа на хемијата, металната индустрија , текстилната индустрија царинските стапки се движат од 2 до 5%. Меѓутоа, едновремено се воведува механизам на повратување на царини на извозниците.

Значи, од една страна го укинуваме члено53, што значеше некое автоматско ослободување од плаќање царини, а го воведуваме сега на широка врата принципот на повратувањето на царините. Меѓутоа кај извозниците. Тоа ќе каже кај оние претпријатија што дефакто вистински ќе извезуваат, бидејќи сите знаете какви проблеми имаше со членот 53. Практично увоз. заради извоз и се случуваше добар дел од повратувањето на царините да појдат кај стопански субјекти кај претпријатија што по некогаш не извезле ниту една стока.

Сега тука треба да се воведе еден елементарен ред оние што навистина извезуваат треба да го добијат тоа повратување на царините, што претпоставува изградба на соодветен систем на следење на извозот. И, не само на извозот, следење и на учеството на увезените репроматеријали и суровини како инпути, како влезови во производството наменето за извоз,.

Морам да кажам дека РМ нема искуство во овој домен . На запад тој проблем е решен благодарение на тоа што имаат високо развојно ниво, добар информационен систем и големо искуство. Фактички , што е она што треба ние да го следиме? Ние треба да следиме кој дел од увезените суровини и репроматеријали влегуваат во производство на производи наменети за извоз. Тоа не е лесна и едноставна задача. Меѓутоа, со тек на време ќе мораме тука да ги правиме и стандардите. Стандардизирани трошоци и норми за производство на единица производ ќе мораме да воведуваме со тек на време. Но, тоа е процес што ќе трае.

Мислиме дека сега во почетната фаза со сите промени и техничка опременост што се направени во царината на РМ со помош на други институции, Заводот за статистика, Народната банка на РМ, ќе можеме, навистина, апроксимативно, меѓутоа сепак со голема сигурност да дојдеме до оние горе-долу реални податоци за тоа кој дел од увезените суровини и репроматеријали се инпут, се влез, за производство наменето за извоз, кои што ќе бидат предмет на враќање на царините.

Морам да ве потсетам почитувани пратеници, на една работа. Ние, порано, како што знаете и во овој буџет за оваа година имаме стимулација на извозот на стоки и услуги по две основи. Меѓутоа, во основа директно стимулирање на извозот на стоки и услуги едноставно ен е дозволено со принципите на СТО односно поранешниот ГАТ. Тоа мораме да го елиминираме како земја што претендира да стане рамноправна членка на СТО.

Меѓутоа, СТО го признава механизмот на повратување на царините за извозниците , повторно како еден метод, како еден начин на стимулирање на извозот, меѓутоа кој што не оди директно туку индиректно, откако ќе се изврши селекција на вистинските извозници, за да повратувањето на царините дојде кај вистинските субјекти, оние што навистина извезуваат. Тоа е во склад со СТО како механизам. Според тоа, за големите извозници работата се сведува на исто. Тие порано биле ослободувани, царините им биле враќани, сега пак ќе бидат враќани. Најверојатно ќе биде проблеми првиот круг кога ќе мора во почетокот да се платат царините. Меѓутоа, штом заврши производниот циклус треба да ја направиме соодветната динамика во буџетот. Тие пари ќе се вратат и после, тој циклус останува да се воспостави и нема да претставува посебно врзување на средства за претпријатијата и за големите извозници.

Заради заштита на земјоделското производство, друга промена, што во секој случај е специфично, се воведува специфична царина за земјоделските и прехранбените производи, тоа значи дека дефакто се воведува прелевман. Од царинскиот тарифник можете да видите дека покрај царинската стапка кај одделни земјоделски производи и прехрамбени производи, ако не се лажам тоа се 310 позиции стои прелевман пет. Прелевманот треба да ја обезбеди таа специфична заштита на земјоделското производство. Но, прелевманот го активира или не го активира Владата на РМ. До колку оцени дека за определен производ има сериозни нарушувања на пазарот во односите на понудата и побарувачката, тој може да се активира. Кај одделни типови на производи ако Владата, водејќи ја својата тековна економска политика оцени дека од тоа нема потреба тие нема да се активираат. Тоа е систем на заштита на земјоделското производство што во основа е прифатен, има свој легалитет во ЕУ. Знаете дека ЕУ има силен аграрен протекционизам Таа е најголем извозник на храна во светот, едновремено и најголем увозник на храна во светот. Таа го прифаќа овој систем на заштита а ценејќи го фактот дека тие се сепак наш најзначаен надворешно трговски партнер истото тоа го правиме за земјоделските и прехранбените производи не само заради што ЕУ тоа го има и дека таа е наш најзначаен надворешно трговски партнер, туку исто така заради фактот што земјоделското производство сепак има специфичен карактер. Производниот процес во земјоделското производство има специфичен карактер- Тоа е стратешко производство што подлежен на големи флуктуации во понудата и побарувачката и многу големи нарушувања на пазарот. Во сушни години недостиг на производи или обратно многу родни години вишок на производи.

Така што, ако тука останеме само со царинската стапка ад валоре можеме да дојдеме до апсурдни ситуации и да не можеме да ја

обезбедиме нормалната заштита на земјоделското производство. Сепак, Македонија има значаен агро - индустриски комплекс. Не зборувам само за примарното производство туку и за многу значајни капацитети преработувачки што постојат, но §'а жал во овој временски период од 10 години наназад малку се искористени односно имаат најнизок степен на искористеност на капацитетите во вкупното стопанство на РМ.

Исто така останува и механизмот на царински контингент како ослободување од плаќање на царина што Владата може да го воведе во принцип за секој тарифен број. Ако има потреба и пак во склад во водењето на економската политика.

Бидејќи има едно писмо од ЛП која со право бара да се објаснат и некои други аспекти врзани за оваа проблематика, дозволете бидејќи некои работи сега кажав да кажам уште некои работи во тој контекст.

Прво, што ќе значи ова за РМ во склопот на меѓународните економски односи и во релациите со СТО и другите меѓународни организации.

Видете, ние како една од републиките на поранешната СФРЈ имаме соодветен третман во рамки на ГАТ. А, името на ГАТ денес е СТО. Меѓутоа после осамостојувањето на РМ ние едноставно треба да се избориме да станеме полноправна членка на СТО.

Кои се последиците ако во тоа не успееме, не треба да се објаснуваат. Ако не се прифатат принципите на СТО, тоа значи дека ќе треба во надворешно - трговската размена да применуваме полн царински режим односно царински стапки што од до 70% и тн, што би било многу лошо. Затоа е нормална нашата тенденција да влеземе во СТО .

Таму има определени принципи, универзални и кои земјите членки на СТО, кои што доколку влезат имаат оваков меѓусебен преференцијален третман во надворешно - трговската размена мора да ги префатат. А, генералниот принципи е царински стапки од 0 до 35%,

онака како што ние поставивме. Дозволено е за земјоделството, заради спецификите до 60% да оди. Исто така, во основа, нема противење на СТО за овој режим на заштита на земјоделските производи со специфична царина односно прелевман.

Сето ова што го правиме го правиме во склад со СТО и во голема мера тоа е детерминирано од тие општи принципи, да бидеме на чисто. Ние, ако сакаме да станеме полноправна членка на СТО, мораме да ги почитуваме општоприфатени меѓународни принципи. Тоа ние го направивме.

**ТАКИ ФИТИ:** (продолжение)

Нашиот меморандум за отпочнување на преговори со Светската трговска организација веќе е во Женева. Можам да ги информира пратениците дека неговата прва верзија е оценета како висококвалитетна, но сега тоа ќе биде предмет на натамошни разговори.

Во разговорите односно во преговорите со Светската трговска организација, ве молам оваа е многу значајно особено заради амандманите што се веќе доставени, ние мораме да направиме натамошни концесии односно ќе мораме уште да го смалиме степенот на заштита, кој што сега е предложен во царинскиот тарифник. Искуствата на другите земји во транзиција, кои што веќе влегле во оваа фаза на преговори и завршиле покажуваат дека тоа дополнително намалување на царинската заштита најверојатно ек се движи меѓу 20, 25 и 30 %. Според тоа таму каде што бараме да кажеме уште намалување на некоја царинска стапка ако е 30 или 35% , ве молам имајте го и овој факт во обѕир. Ако ни дојде на 30% уште 30% намалување тоа е 9 индексни поени, ќе се симне па на 20,21. Според тоа од тој аспект ве молам и јас апелирам тука да бидеме разумни, да не претераме со намалување на царинската заштита, затоа што немаме не знам каков степен на економска развиеност и продуктивност, според тоа и конкурентност во меѓу- народните економски односи.

Како се одмерени и тоа е прашање во писмото развојната заштитната и фискалната функција. Сите вие знаете дека тие се испреплетуват во секој царински тарифни како клучен закон кој што регулира режимот на надворешно трговската размена и во определена смисла се совпаѓаат, меѓутоа од определена точка се во контрадикција. Според тоа,да ги разграничиме точно квантитативно, детално

невозможно па не знам какви компјутери да употребиме. Едно е основно. Она што се гледа од тарифникот е тоа како од прилика поставена заштитата на домашното производство, бидејќи тоа директно се гледа од висината на царинската стапка, а кај земјоделските производи и од она П, прелевманот.

Според тоа, таму каде што се оцениме заштитната функција е во ред и ако е таа во таа смисла во ред, ако не е претерана таа автоматски е и развој на функција. Тоа значи дека некое производство кое што е на самиот почеток во РМ, ако во овој почетен период има прилично висока стапка за заштита му давате можност на домашните субјекти да го развива домашното производство, бидејќи со оваа висока царинска стапка го штитите определен временски период. Меѓутоа, тука доаѓа онаа точка на осетливост, ако претерате со заштитата, да одите многу нагоре, тогаш ќе ја компроминтирата развојната функција, бидејќи оној што го штит9ите долго време нема да мисли на развој. Добро, му е, нема да работи, нема да биде стимулиран да штеди, да намалува трошоци, да зголемува продуктивност се компромитира развојната функција и таквите стопански субјекти по правило, тоа го знае и економската наука долгорочно лошо ќе поминат. Затоа меѓу другото се овие општи тенденции за натамошна либерализација на надворешно трговската размена во светски размери.

Исто така, развојната функција може да се види индиректно и преку определени царински стапки, кои што се дадени во царинскиот тарифник. Еве на пример, кај низа машини кои што се најзначајни за развојот на одделни индустрии многу се намалени царинските стапки.

Во земјоделството царинското оптоварување на опремата е намалено од 30% на 5% царинска стапка. Ве молам директно тука се

гледа развојната функција. Кај опремата за шумарство од 30 на 5%. Кај опремата за сточарството од 30 на 5%, текстилната индустрија од 30 на 5%.Кожарско индустрија од 30 на 55, компјутери од поранешните 25% на 10%, кај софтверот е паднато дури на 2%, што исто мислам дека е добро. сите машини за производство и преработка на храна имаат царинско оптоварување од 5 до 85. Мислам дека и тука навистина е направено радикално намалување на царинската заштита што би рекол е директно во функција на развојот на домашното производство.

Ќе завршам со следното почитувани пратеници,

Мислам дека досега пак ваша оценка е успеавме да воспоставиме прилично добра и коректна основа во соработката со стопан- ството. Ние неколку пати разговаравме во рамките на Комората. Дена работа и порано ја кажав и сега ќе ја кажам. Ние имавме индивидуални предлози најверојатно ќе има амандмани со таква содржина кои што одеа, по која логика? Се што е репроматеријал и суровина да дојде на слободно, се што е во финален производ да дојде до 30%. Значи максимални погодности на увоз на репроматеријали суровини и максимална заштита за финалните производи. Такви предлози честопати од голем број на претпријатие лично јас ги добивав на биро и ги гледав, ние ако тоа го прифатиме, а тука се толку претпријатија, толку различни економски интереси, автоматски нема систем. Мислам тука треба да бидеме реални. Така да и кога ќе ја вршиме оценката за прифаќање или не прифаќање на амандманите ќе водиме сметка за тој момент и ќе водиме сметка предложеното решение да не ни го нарушува системот, бидејќи овде толку е работено, се работи за еден заокружен закон кој што на еден или на друг начин ги содржи трите функции и кој што колку толку доста правилно и одмерува. Тоа е мое мислење. Не е мојот придонес

како министер за овој закон, бидејќи јас кога дојдов за министер овде веќе се работеше на овој закон и тој беше во поодмината фаза, меѓутоа моите соработници со консултација на светски стручњаци настојувавме уште повеќе да го подобриме квалитетот на решението. Колку успеавме пак е на пратениците да оценат.

За фискалната функција испушти.

Верувајте не беше прва и основна работа фискалната функција. Учеството на царините во вкупниот буџет е околу 16%, релативното учество. За земја во транзиција мислам дека не е висока стапка. Од оние анализи што ги правевме и симулации што ги направивме, ги направи фактички царината и пак верувам во соработка со некои стручњаци од странство и испаѓа горе-долу тука ќе остане, и меѓутоа со оние дополнителни договори што ќе ги имаме со светската трговска организација, каде што уште со 25 до 30 % со заштитата ќе се спуштиме надолу, може да се очекува и намалување на царинските приходи за можеби 10%, што сметаме дека не е така страшно . 10% од тие 7,5 милијарди се околу 750 милиони и тоа најверојатно ќе се компензира со други извори ако се има во обѕир фактот дека со тек на време очекуваме да дојде до пораст има производството со што ќе растат приходите во маса, иако релативно до даночно оптоварување може да намалува.

Ви благодарам на вниманието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам кој бара збор?

Има збор г-динот Николовски

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Пред да потенцирам неколку значајни карактеристики за концептот,содржината и усогласеноста и применливоста на Законот

за тарифи би искористил приликата да потенцирам неколку воведни напомени.

Имено, сакам да потенцирам дека се работи за еден дота сложен, но воедно со многубројни специфики закон што ја определува севкупната заштита и на некој начин националната економија во РМ.

Второ, соработката помеѓу функцијата за стопанство и Собранието на РМ, како и заинтересираните стопански субјекти и институции, вклучувајќи ја и меѓуресорската група беше на доста завидно ниво.

Второ, од првичната работна верзија до конечниот текст на Законот за царинска тарифа постигнати се значителни усогласености, а воедно се вградени и значителен број на забелешки и ставови.

Трето, сигурно е дека со овој Закон членот 53 изостанува од понатамошно користење, а за негова компензација се врши вградување на ниско царинско оптеретување и повраток на царина за извоз на стоки.

Имајќи ја во предвид практичната карактеристика на Законот што е предмет на денешната расправа сакам да ги потенцирам следните карактеристики во делот на концептот.

Важните елементи врз основа на кои е вграден концептот на законот за царинска тарифа се следните.

Прво, ниско царинско оптеретување на репроматеријали и суровини кои не се произведуваат во РМ.

Трето, упрпсечено царинско опреретување за нестандардна и специфична опрема која не се произведува кај нас.

III/6.-

Четврто, воведување на систем на контингенти,

Петто, повраток на наплатена царина при увоз на репроматеријали и суровини кои при извоз на готови производи се врака,

Шесто, примена на хармонизиран систем со значителен коефициент на усогласеност.

Што се однесува во однос на законот што тој обезбедува за приликите на стопанството како национален закон за царинска тарифа е следното.

Прво, плаќањето на царина да се врши по стапка на царинска тарифа,

Второ, поведување на посебна задача за увоз на земјоделски прехранбени производи,

Трето, воведување на контенгиран систем согласно на царинскиот систем.

Четврто, дава можност да наменетите производи за непосред но средување можат да се распоредуваат во ист тарифен број.

Петто, царинската управа може да издава посебно уверение по барање на корисникот, односно увозникот.

Шесто, доста јасно се дефинира степеноста на раставеноста и нераставеноста на состојбата на производите.

Седмо, постои можност за промена на номенклатурата на царинската тарифа,

Осмо, постои можност за изготвување на програма за статистички истражувања.

Деветто, постојат можности за јасно разграничување на стоки кои се од трговски и нетрфовски карактер.

Десет, на увозникот и корисникот оптеретени со царински давачки има можност по износ на стоки да ја повратат царината.

Што се однесува во однос на практичната содржина на Законот позначајни карактеристики се следниве:

Точно е тоа дека под еден, се врши знатно намалување на царинските оптеретувања кај поедини области, сектори или дејност од 15 на 2, од 15 на 7, од 20 на 13, 22 на 13 или 22 на 9.

Второ, голем дел на репроматеријали или суровини кои не се произведуваат во РМ се во граници на 2%.

Трето, голем број на репроматеријали и сировини кои во доволни количини не се произвдуваат во РМ се со стапка од 5 до 7%.

Четврто, во Агрокомплексот во земјоделските и прехранбените производи се воведува висока заштитна царинска стапка.

Петто, за специјалната и нестандардната опрема која не се произведува кај нас или не е во соодветни количини царинската тарифа се сведува во граници од 5 до 10%.

Во однос на усогласеноста би ги потенцирал следниве моменти:

Прво, овозможува партнерство за меѓународна трговија,

Второ, висок степен на усогласеност со Европската Унија

Трето, униформност во искажувањето на трговските трансакции.

Четврто, транспарентност во меѓусебните односи и

Петто, остварување на меѓугрупациски интереси на стопанството во Република Македонија.

III/8.-

Во однос на применливоста сакам да ја кажам практичната применливост на законот за царинската тарифа ќе ја добие ако се земат во предвид следниве работи:

Прво, да се изготви закон за измена и дополна на дел од Законот за надворешно трговско работење,

Второ, со измените на законот за надворешно трговско работење треба да се дефинира системот и механизмот за повраток на царината при извоз на стока,

Трето, прифаќање на амандманите кои се содржани во извештајот на комисиите, поготово во Комисијата за стопанство како и амандманите од лично од мене, од Гештаковски и дел од Стојановски би требало да бидат прифатени.

Четврто, потребно е да се изврши поместување на рокот за примената на закон за царинска тарифа, заради благовремено прилагодување на компјутерскиот систем.

На крајот би истакнал две заклучни видувања:

Прво, поаѓајќи од потребата за ниско оптеретување на суровините и репроматеријалите кои кај нас не се произведуваат а со цел да се овозможи опстојување и развој на домашното производство на разни производи наменети за домашни потреби и извоз, како и ради заштита на одредени производи кои се произведуваат во Републиката, добро би било поднесените амандмани од Комисијата за стопанство како и дел од амандманите на одреден број на пратеници бидат прифатени од Владата и да постанат составен дел на Законот за царинската тарифа и под

Два, бидејќи содржаните амандмани во извештаите на Комисиите и нивните содржини вклучувајќи ги и при тоа и другите амандмани на

предлагачите што ги споемнав не ја нарушува структурата ниту пак концептот на законот што се доведува во прашање, му предлагам на собранието со вградувањето на амандманите како составен дел на Законот да го разгледа Предлог на законот и да го донесе Законот за царинска тарифа.

Водено напоменувам дека голем дел од ваквите размислувања се вградени и во извештајот на Комисијата за стопанство.

Благодарам на поверението.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Стојановски

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Овој закон сосема оправдано предизвика во еден подолг период особено внимание на стопанството, затоа што тој е најзаинтересираниот субјект во сето ова. Ако во светот постои терминот царински војни, сигурно дека и ние мораме дел од таа атмосфера, од тој дуј, па и од тој интерес да го пренесеме и тука, и во нашиве состојби со надеж дека сепак како мала земја, во која што многу добро може да се познава целокупното стопанство се она што е влезен инпут, се она што е финален производ сметам дека ќе можевме најдобриот дел и од она што го изнесоа министерот и претседателот на Комисијата за стопанство да биде и навистина вградено во овој тарифник. Јас морам да изразам и задоволство и незадоволство. Задоволството е општо бидејќи се работи за намалување од 10% во целина на вкупните зафаќања во овој основ, но сметам дека ќе биде трагично ако оваа бројка треба на свој товар да ја поднесе една или неколку групации на производство во оваа држава. Пред се, се однесува за еден дел на лесната индустрија, особено

текстилната, која што се уште во овој момент претставува една од ретките индустриски гранки во која што има најмалку стечаи, најмалку загубари, која што жилаво многу амбициозно и морам да речам дури и агресивно се носи со проблемите и покрај предизвиците на пазарот да практично најмалку е заштитена и досега и со овие стапки кои што тука се предвидуваат.

Познато е дека овие денови во Тетово во модната конфекција траеше штрајк од скоро месец дена, тука е нашиот колега Панче Насев кој што овие денови се соочува исто така со еден сериозен штрајк, иста гранка. Ние сме среќни што тој штрајк веќе завршува но ова нека бидат последните сигнали дека ако не се усвојат некои од овие амандмани, оние кои што значат основа, база особено на суровините, особено на машините , она што значи обртни средства, опрема, уреди, технолошко обновување за да не заостанеме практично тоа и ги чека уште неколкуте претпријатија од овој вид во државата, а тука пред се се Отекс, битолскиот Компелкс и на крајот Тетекс.

IV/1. -СП/МЛ

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Сите овие фирми што вработуваат најголем број работни- ци во државата исплаќаат такви лични доходи доста скромни, но ги исплаќаат со најмалку интервенции и помош од државата вклучувајќи внатрешни резерви, сопствени снаги и слично. Со полн респект за она што значи фискален дел во овој закон, за она што значи развоен дел јас се плашам дека во сендвичот на овие две ќе остане во еден процеп она што значи нормален репродуктивен процес особено производството наменето за извоз.

Јас очекував дека претседателот на Комисијата за стопанство мојот колега Душан Николовски ќе каже една многу важна работа, еден многу важен заклучок кој, за жал, не е внесен во материјалот од овие седници. Ставот на Комисијата беше, тука има и други членови, да без прецизирање на условите и начинот на враќање на средствата кои стопанските субјекти ќе ги уплатат како царински давачки со конкретно прецизирање во законот за надворешно - трговско работење овој закон денеска да не биде тука на разгледување. Тоа е ставот на Комисијата за стопанство. Тука има претставници, ние добивме ветување дека Владата ќе успее за овие неколку дена такво нешто да стори, за жал, ние денеска пред нас таков пред- лог и такво нешто немаме.

Практично сега ќе усвоиме закон за царинска тарифа, министерот многу едноставно и многу елегантно го рече ќе биде проблематичен првиот турнус, првиот циклус кој за "Тетекс" ќе значи некогаш и 12 месеци од сирова волна да се произведе финален производ, да се извезе и да се наплати. Ако е тој прв репроциклус така едноставен зошто на свој товар не го преземе Владата - државата, зошто ние да финансираме буџет, да финансираме држава во услови кога немаме средства, кога треба да ги позајмуваме тие средства или од државата

или од оној што продава пари, а тоа се банките. Државата е во можност да дојде до поевтин капитал и може тоа да го направи, може да го направи од причини што влегуваме во меѓународна трговска организација, влегуваме во сите оние системи што значат урамнотежување, избалансирање, повелете сето тоа има свои жртви. Ние таа жртва не можеме да ја поднесеме, нека ја поднесат сите овие меѓународни асоцијации.

Се прашувам сега дали треба да дискутираме за некоја стапка дали да биде 2, 3 или 4% или за мене што е уште поважно дали царината што ќе ја платиме во некои претпријатија каде е значајна ставка потоа треба да размислуваме како државата ќе ни ја поврати кога во услови на нормално работење, на вршење услуги многу тешко доаѓаме до наплатување на средствата кои треба државата преку своето ресорно министерство да ги извршува. Ова нека биде една од оние клучни работи кои денеска треба ресорниот министер да ги вети дека тој закон ќе биде пред нас пред овој закон да заживее.

Почнав малку на крај затоа што некако ова помина многу едноставно и многу лесно. Првиот препродуктивен циклус ќе помине. Ќе помине, но ако треба да се дадат за тоа 50 илјади долари или милион германски марки во денешни услови кој е тој стопански субјект што може тоа да го направи?

Втората работа е кое производство штитиме и какво производство штитиме? Дали штитиме финално производство, дали штитиме репроматеријали кои ги немаме, дали штитиме суровини кои за некого се полупроизводи или едноставно од с§ по нешто зависно од влијанието и моќта на субјектите.

Од оваа говорница се договоривме во овој закон најмалку треба да имаме политика. Така прифативме и на Комисијата за стопанство но

финалниот документ не зборува така. Членот 5 3 ваков или онаков значеше многу нешто, прашањето на негова контрола, прашањето на негова манипулација, на негово изигрување го сметам како слабост на оние кои требаа да ги зафатат тие средства, а не како слабост на секој кој сака да изнајде вентил и начин да преживее. Дали сакаме сега и тие неколку претпријатија од текстилната индустрија да ги згаснеме и тие потоа да почнат тука да ни доаѓаат пред Собранието и пред Владата, но да се разбереме, нема да биде мал број, господа, "Тетекс" вработува 5.500 луѓе. Исплаќа редовен личен доход секој 12-ти во месецот. Молам за респект за овие специфичности, за разбирање, за да не дојдеме во состојба и овие неколку фирми ги згаснеме.

Да не се повторувам имам значаен број на амандмани некаде 95, сакам да укажам сега на нивната групираност, на нивната систематичност за да потоа не ви одземам време.

Добар дел од овие амандмани се однесува на текстилот и текстилната индустрија каде се водев од принципот се она што не се произведува во оваа држава, а е наменето за извоз да биде на слободен увоз или на слободен режим. Такви се околу триесетина амандмани.

Со слична содржина и со многу ниски стапки со сите оние суровини, полуфабрикати, помошни материјали, бои и слично кои или не се произведуваат или нивниот асортиман и квалитет не го задоволува она што го бара странскиот пазар.

Добар дел на амандмани се однесуваат на машини и опрема не само од текстилната индустрија туку и на графичката индустрија, земјоделието, тутунската, прехранбената, скоро на сите индустриски гранки која опрема и машини не се произведуваат кај нас како и резервните делови и одев со единични стапки до 5% од слободен до 2 и

најповеќе до 5% затоа што и во образложението на овој закон стои дека оваа група на тарифни под броеви треба да бидат групирани до 5%, некаде има 7, некаде 10, некаде 15%.

Последниот дел се однесува на стока за широка потрошувачка каде фискалниот елемент е единствената причина на половни возила, земјоделска механизација и трактори имаме високи стапки од 25 кај автомобилите, па кај тракторите од 5 до 8%. Оние кои познаваат малку земјоделие и кои имаат прилика со тоа да се бават, а јас имам прилика за тоа трактор нема старост и нема век на издржливост ако е во рацете на добар стопан. Спрема тоа и тука предлагам стапка од 2% како и за нови трактори затоа што ние во подолг временски период такво производство ќе немаме. Истиот резон е и кај половните автомобили. Сметам дека стапката од 25 па и 30% е висока затоа што автомобили со тригодишен рок на експлоатација по квалитетните европски патишта, квалитетни возила, квалитетни машини и квалитетно одржување сметам дека се уште претставува интерес за од- редена категорија граѓани во нашата држава. Сите господо не можеме да купиме ново возило, не е нескромно да кажам дека и ја спаѓам во таа категорија која ново возило не може да си набави. Апелирам да се усвојат повеќето амандмани кои значат основа, кои значат суровини, помошни репроматеријали вклучувајќи ги во добар дел хемиските средства и боите кои ние не ги произведуваме со една забелешка ја прифаќам сугестијата од министерот дека секое преголемо заштитување на нешто значи штета, а тоа би значело дека утре ако некој произведе и квалитетно или се осмели или изнајде начин ќе се собереме тука веднаш ќе воведеме заштита на таквото производство.

Апелирам сите амандмани, добар дел од амандманите ја поминаа комисиската расправа на Комисијата за стопанство, добија виза, сметам дека нема да погрешиме ќе значи една сигурност за да утре не доаѓаме и

да се соочуваме со многу поголеми проблеми од она што значи практично стимулирање на она што е директно и непосредно производство.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, тргнувајќи од стратегиските определби на Република Македонија околу неминовноста за вклучување во европските и светските стопански текови преку поврзување со земјите од Европската Унија пристапот на предлагачот на Предлог-законот за царинска тарифа да врши максимално усогласување на новата царинска тарифа со Меѓународната конвенција за хармонизираниот систем на имињата и шифрените ознаки на стоките сигурно е придонес кон намерата Република Македонија поблиску да се поврзе со Европската Унија, а со тоа и вградување на принципите на ГАТ за либерализација и меѓународна трговија и укинување на сите вонцарински бариери.

Имајќи ја во предвид основната задача промовирана од предлагачот на законот да се обезбеди заштита на домашното производство и интензивните подготовки за пристапување на нашата земја кон ГАТ се добива впечаток кој е повеќе од само впечаток дека цената на ова преговарање во одреден временски период ќе ја плаќаат потрошувачите - граѓаните на Република Македонија кои ќе мора да плаќаат многу повисоки цени за одреден број производи од она што е реална пазарна цена.

Обидувајќи се и сам да ги прифатам овие реални состојби и односи, сметам дека некои елементарни продукти битни за секојдне-

вното живеење треба да се изземат од овие стратегиски преговарачки игри и позиции. Истовремено сакам да ја истакнам и другата страна на стопанскиот субјект - потрошувачот кој според мое мислење во оваа тарифна царинска политика во одредена мера се оштетува неоправдано и недоволно аргументирано.

Сметам дека нивото на заштита на одделни земјоделски производи е исклучително висока како стапка од 60 + прелевманот односно 40 + прелевманот за домати, краставици, корнишони, 40 + П за печурки , исто така садетам дека некои производи како лимонот, чајот, кафето би требало да се третираат како продукти кои имаат покрај другите и лековити својства. Чајот, односно кафето е востановено како неопходна намирница за животот на луѓето. Како такви сметам дека треба да бидат оптоварени со пониски царински стапки.

Имајќи ја предвид неповолната состојба со возниот парк на претпријатијата и физичките лица кои се бават со превоз на патници, сметам дека стапката од 23 за нови моторни возила со тарифен број 8702 треба да се намали на 13%. Со прифаќање на оваа измена ќе се влијае и врз подобрување на човековата околина, односно ќе се намали загадувањето.

Посебно ја поздравувам намерата на предлагачот да води одредена еколошка политика со пониски царински стапки за моторни возила со катализатор. Во одредена мерка сметам дека таа стимулација од само 2% е премногу ниска. Сметам дека оваа стимулација треба да се зголеми.

Во секој случај сметам дека со прифаќањето на одреден број сугестии, амандмани и интервенции може значително да се подобри Предлогот на законот за царинска тарифа и со тоа да ги оствари зацртаните цели како еден многу важен сегмент од трговското работење на државата.

IV/7.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Претседателе, почитувани пратеници, господа министри со оглед дека јас имав една дискусија во првата фаза од овој закон, сега би сакал, доколку е можно, господинот министер кој вети дури образложи некои од своите видувања по нашите забелешки во првата фаза иако тогаш беше друг ресорен министер, мислам дека ќе биде добро за нашето одлучување по овој закон и лично за мене да добиеме, ако е можно да се добијат одговори на следниве три прашања.

Прво, што значи овој Предлог на закон за царинска тарифа од аспект на трендот кој го диктира во овој момент Владата, а кој од утре доаѓа на седница на Собранието и се надевам дека во еден краток временски период ќе ни се случат дополнителни предлози на потпишување на спогодби со наши значајни надворешно - трговски партнери на таканаречена слободна царинска зона. Веќе утре имаме еден закон кој до 2000-та година треба да биде со Република Словенија. Имаме најава дека Владата има потпишано со уште една соседна држава ваква спогодба која по редот на Уставот треба да дојде набрзо и во Парламентот ако Владата одстои на тоа и претпоставка дека ваквото потпишување на овие спогодби неминовно ќе значи притисок на Република Македонија и со некои други држави за одредени царински тарифи да склучуваме заради рамноправен статус на нашите традиционално взаемни пазари соодветни спогодби. Како и од кој аспект се коментираат одделни царински стапки во тарифникот кој треба да го носиме денеска особено оној дел од номенклатурата каде потпишувањето на трговските спогодби за слободни царински зони или како се викаат во законот значат доминантно присуство на стоки токму од тие земји. Значи оние стапки кои дефакто се релативизираат поради

слободна царинска зона со одредени држави кои најзначајно учествуваат на нашиот пазар. Значи, таа расправа ќе ја имаме веројатно од утре со посебните закони, меѓутоа, мислам дека сега е време генерално за тоа да добиеме видување на Владата што значи тоа од аспект на царинскиот тарифник и одредени повластици пред се со сосед ни држави.

Второ, за кое мислам дека е добро пратениците да имаат еден математички податок доколку се располагаат за кои морам да кажам неформално слушнавме некакви податоци виза ви тоа дека непондерираното царинско оптоварување колку што пишува во образложението и министерот сега го најави пред пратениците, дали имаме некаков податок колку дефакто претставува царинското оптоварување на увезената стока во Република Македонија во изминатите години ако се ослободија од некои политички причини кои беа санкции, пондерираното царинско оптоварување на стоките во Република Македонија во изминатиот период и како тоа би се одразило вогласно новата царинска тарифа затоа што непондерираното и пондерираното можат да отстапуваат и неколку пати виза ви овој податок од 15 или колку е наведен.

Едно прашање на кое министерот во својот вовед даде при лично прецизен одговор, меѓутоа, јас би бил скло да слушнам прецизен владин одговор на прашањето дали оваа царинска тарифа согласно принципите кои се прокламирани заштита на едно, заштита на друго дефакто би сакал да прочитам, за да не се случи нејасно мое изјаснување, дефакто претставува "бетонирање" на постојната стопанска структура во Република Македонија особено на индустриската структура во Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Трипуновски.

IV/9.-

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници, сигурно дека секоја држава го заштитува својот царински простор на разни начини Сигурно низ тие инструменти на заштита што се предложени со овој закон се сака да се постигне правичност во одмерување на елементите на заштита за овозможување на некој иден побрз економски развиток.

Сигурно по осамостојувањето Република Македонија продолжи да го осовременува својот царински систем, таа долготрајна промена на овој систем сигурно придонесе да може да има на одредени производи заштита, која не требаше да биде, а на одредени производи да прави заштита која сигурно требаше во повисок обем да биде

V/1/ПЈ/лј

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:** (продолжение)

Исто така, како последица од преголеми царински давачки можно е да дојде до сериозно нарушување на конкурентните способности на стопанските субјекти, а со тоа да се лимитираат нивните права за настап на странските пазари со олеснителни околности. Оттаму, царинската заштита се претвора само исклучиво во фискална мерка со која се настојува да се пополнат буџетските празнини и ги нема другите функции, особено развојната. Поради тоа, сето тоа сметам дека денес треба без разлика на нашите различити мислења и некаде 250 амандмани кои што се во процедура, да го донесеме овој царински тарифник во мошне сериозно расправање и да го што поскоро усвоиме. Сигурно се залагам од примени на овој пропис во нашата држава и да се користи во форма која што сигурно придонесува во развојот на самото стопанство. Нема да кажам она што го има во образложението дека се штити домашното производство, дека се поттикнува развојот, дека се егализира со прописите на Европската унија, сето тоа е кажано. Но, ќе прашам. Она што остава впечаток по однос на законот на кој начин е дојдено до тоа кои производи треба да им се намали царинската тарифа, а на кои да им се зголеми царинската тарифа, односно кои се критериумите од кои се раководел предлагачот во дефинирањето на стапките. Ова дотолку повеќе што на две места во образложението стои дека царинската тарифа е подготвувана во услови на постоење на блокади и ограничувања од север и југ, како и услови на растројство на пазарот.

Исто така, отсуствува поширока аналитичка подлога во однос на стратегијата на заштитата и поттикнување на развојот на одделни дејности и гранки. Сигурно колегата Стојановски спомна текстилот ќе кажам црната и обоената металургија, што би значеле поширок развоен интерес на долг рок во државата. Со оглед дека на балансот на воспоставување на нивото на заштита со истовремено поттикнување на домашното производство и остварување на фискалните ефекти е мошне

V/2.-

тешко да се воспсотави на едно рамниште или на една рамнотежана точка сметам дека затоа е потребен и период на примена на овој закон, со што во пракса ќе се потврди т.е. предложените стапки да бараат нова корекција. Имено, поттикнувањето на таа рамнотежа во смисла да не превагне само фискалниот аспект на царината, туку таа да има активна развојна функција е можно да се остварува низ мерките на економската политика што се утврдува секоја година. Е, сега, ако се утврдува економската политика секоја година се даваат нови можности, па го поставувам новото прашање. Поради тоа сметам дека решението што се предлага да може Владата да интервенира по потреба и да предложи други стапки од предложеното, а со цел да се спречат поголеми нарушувања од стопанството и да се избегнат несакани ефекти во услови на постоење на политички интереси, кои се манифестираат кај носителите на власта, а секоја власт има свои гледања и погледи сходно на тоа влијанието на економските интереси кое е поврзано со политичките, ценам дека таквото интервенирање на власта би требало да се ограничи на одредени услови, како што е тоа сторено, сигурно, во Уставот. Тука станува збор за прелевмани, станува збор за контингенти и нивното определување и начинот на кој ќе бидат тие донесени. Имено, во Уставот е наброено во кои услови може да се ограничи правото на слободата на пазарот и претприемништвото, а тоа е заради одбрана на Република Македонија, зачувување на природата, животната средина или здравјето на луѓето.

Врз основа на изнесеното сметам дека и овде треба да се дефинира во кој обид е можно да се оди на лимитирањето односно на контигирањето на увозот, или други форми за ограничување на увоз на одредени производи. А со тоа и во лимитирање на одредбите на овој закон, со што би се постигнале поголеми ефекти во развојот на царинската заштита. Без притоа, да се одрази на трошоците кои ги плаќаат граѓаните како последица на поскапиот увоз, а особено во производството и во обработката на храна.

V/3.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратнеици, г-да министри, мислам дека она што господинот министер даде образложение за предложениот закон за царински тарифи заслужува големо внимание пред сите нас и пред цела држава, заради тоа што ова што го имаме пред нас како закон за царинска тарифа е многу вредна работа. Сигурно изготвувачите на законот изгубиле доста време и направиле доста споредби и со ГАТ и со Европската унија и со сите интереси на гранќите, областите во кои работат нашите граѓани за да може да се заштити и домашното производство, а за да може да се зголеми односно да се зголеми развојната политика, развојната компонента кај скоро сите производители на производи во Република Македонија. Во оваа смисла ја сметам дека треба без прекорно да ја тргнеме мислата од себе си дека Законот создава одредени диференцијации во политичкото гледање на државата. Ова е само од аспект на создаваше на повеќе услови за стоковна размена на се она што имаме овде да може да го пласираме надвор и да го развиеме тоа пласирање и она што го немаме овде да го увеземе на начин кој што најповеќе би ни одговарало.

Г-дине министре ве молам ако не ви пречи, послушајте, се извинувам, јас пред вас г-да пратеници и г-да министри сакам да искажам и едно задоволство од графичката индустрија и и хартијната грана односно мое задоволство што е прифатено она што го барав, она што го бараше и Стопанска комора за хартијната грана и графичката индустрија, заради тоа што ние немавме она за кое што требаше да платиме големи давачки. Сега ни се создаваат услови за да може да создадеме такви развојни можности, имаме програми кои што стојат и за кои треба да платиме големи суми за увоз на тие машини за да може да се заокружи една технологија веќе создадена, односно застаната на пат

уште од 1979 година па, наваму. Сметам дека донесувањето на законот и прифаќањето, според мене, на доста амандмани кои што се дадени овде и кои што многу ги ценам, ќе овозможи Република Македонија и нашиот производител, нашите граѓани да можат многу повеќе да дишат и еве една голема радост вчера гледаме за прв пат вака јас слушав Леарницата од Титов Велес за 25% зголемено производство во однос на минатата година. Тоа е голема работа. Не може да се спореди со од пред пет или 10 години или 15 години за што било, меѓутоа, значи , почнавме. Сигурно ден по ден нашите фабрики или нашите работни простории ќе бидат пополнети со граѓани со работни луѓе да го употребам тој стар термин а овој закон ќе овозможи враќање на еден поголем дел од невработените во работните простории за да има поголемо производство и спас и пласман надвор од границите на нашата земја. ГАД и Европската унија е убаво место за кое што се бориме тука да бидеме, тука некаде. Иако овој закон тоа не го обезбедува, јас не знам кој закон тоа би го обезбедил. Мислам дека она што го објасни г-динот Министер треба да послужиоза пример дека е тоа убава работа, дека ни дава можност за таа развојна компонента без која не можеме. Инаку, само ни претстои пропаст, само повеќе луѓе надвор без работа, викање и штрајкови итн.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Тантаров има збор.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Се сложувам со мислењето на г-динот Фаик Абди дека со донесувањето на овој закон во нашето стопанство ќе ни се врати многу нешто што во последниве години е изгубено и затворено, заради тоа што во изминатиот период царинските давачки на сите производи беа прилагодени на бившиот систем во кој што се наоѓаше нашава држава.

Инаку, на денешнава седница на Собранието на Република Македонија по подолго време стигна овој закон за царинските тарифи. Овој закон како и многу други стопански субјекти, со посебно внимание го

очекуваат и нашиве земјоделци. За тоа повеќе зборуваше министерот за финансии, кажа нешто повеќе што ке значи законот за нашиот аграр. Јас мислам дека со овој закон во нашиов аграр се отвораат нови перспективи. Се знае зошто. Затоа што со него и земјоделците ќе решат дел од многубројните проблеми што стојат и на нивните ниви и пред нивните штали. Со него се очекува да се заштити домашното производство на храна од претераниот увоз на храна од сите страни на светот и по подолго време сите carински давачки што беа наметнати при увозот на трактори, комбајни и какви не други приклучни машини, разни репроматеријали, минерални ѓубрива, семиња, семенски препарати, да станат подносливи за сегашниве состојби кои се наоѓаат во нашиот аграр. Однос- но осиромашените земјоделци да можат да ги набават со пониски царински давачки од досегашните царински давачки што беа наследени од бившиот систем. Со ова нашето земјоделство, според мене, ќе добие две големи работи.

Прво, сигурност во реализацијата на отвореното селско стопанско производство, односно за него да има пласман, познат купувач и навремена исплата што досега ја немавме.

Второ, аграрот ќе добие шанса преку добрата царинска политика да ги задоволи сите потреби од храна на државата и што е најзначајно аграрот повторно да ги отвори вратите за вработување на невработените работници, кадри и стечајници, што заради познатите состојби подолго време се затворени во производството на храна.

Во изминатиот период заштитата на домашното производство на храна не беше таква каква што требаше да биде. За една, се разбира, мала аграрна земја. Ако признаеме дека сме аграрна земја, затоа што некоја г-да во изминатиот период се срамеше да каже дека сме аграрна земја. Велам, аграрна бидејќи многумина до вчера како што реков, се страме од таквата помисла. Меѓутоа, ако не беше аграрот тој некогаш

V/6.-

и во првиот самостоен период, кој знае каде ќе ни беа состојбите со денешнава Македонија. Ете тој наш македонски аграр немаше соодветна царинска политика. До лани се увезуваше се и сешто. Без разлика на тоа што она што се увезуваше го имавме во доволни количини во нашите полиња, во шталите и во свињарниците. Се увезуваше пченица, јачмен, млеко, месо, јајца, домати, пиперки, и кој што стигна.

Јас во оваа прилика би кажал неколку неправди што на овој план се правеа до минатата година за што сметам дека годинава ќе бидат отстранети со донесувањето на овој закон. Минатата година, г-до пратеници, како што знаете имавме ретко бериќетна жетва на пченица. Оствaривме некаде околу 400 илјади пченица. Жетвата ја започнавме со 220 илјади тони залиха на пченица од 1994 година. Меѓутоа, и покрај тоа што имавме пченица за да се прехраниме една ипол година, минатата година се увезени над 10 0 илјади тони пченица и нашата пченица се најде во неизвесност, односно да нема ни откуп, ни пласман или на почетокот на годинашнава жетва да немаме се уште исплатена пченица од минатогодишната реколта.

Минатата година, според некои податоци се собрани околу 15 илјади вагони пивски и добиточен јачмен. Меѓутоа, до скоро никој не можеше да го откупи овој јачмен. Некој наши пивари на чело со скоп ската пивара увезуваа пивски јачмен. А нашиот немаше кој д го купи. Епилогот од таквата политика годинава е јасен. Годинава, нема ни пет илјади вагони јачмен и нашиве сточари не знаат како и на кој начин годинава ќе ја прехранат својата стока до новата жетва.

Увозот на млеко и млечни производи и млеко во прав, е посебна приказна за нашиов аграр. Со овој увоз нашето млеко остана неоткупено. Битола, моментално не знае што да прави со млекото. Скопската млекарница до неодамна откупуваше околу пет илјади литри млеко од нашата општина. Пред извесно време овој откуп е пореметен и денес околу 50 0-тини сточари не знаат што да прават со своето млеко.

V/7.-

Денес слушнав и една немила приказна за увозот на млеко. На прагот кога во нашата држава многу сточари не знаат што да прават со млеко е дозволен увоз на млеко во прав. Нека им служи на чест на министрите што се одлучија на еден*'таков потег.

Увозот на масло за јадење, сурово масло и сончоглед знаете што ни донесе во нашава држава. Го донесе тоа што никој не го очекуваше Го избрка сончогледот од нашите ниви. Битолските приватни земјоделци до 1993 година секоја година произведуваа околу 6 до 7 илјади тони сончоглед. Минатата година се произведени само 300 тони сончоглед, односно 20 пати помалку во споредба со една просечна жетва на оваа култура. Тоа е дело секако на претераниот увоз на масло за јадење, сурово масло и сончоглед. Политиката на Велешката фабрика дека нашиот сончоглед е многу скап стигна до каде што стигна.

VI/1 JJ/НД

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:** (Продолжение)

Ќе зборувам за Пелагонија. Годинава ретко може да се види нива насадена со сончоглед. Нашава држава има претеран увоз на говедско, свинско и живинско месо. Кај нас и натаму постои мислење дека нашиве сточари не се способни нашава држава да ја задоволат со потребите на свинско, говедско и живинско месо. Мислам дека овие хипотези се од бившиот систем и се неиздржани. Ние само со овој увоз на месо им ги полниме џебовите на земјоделците од соседна Југославија и Словенија, па кај нас заради отсуство на една добра политика во аграрот, посебно една царинска политика, беше тоа што беше до вчера, за нас мислам дека е срамота како една современа држава денеска да немаме ниту една фарма во која што може да се организира гоење на бројлери. Односно прашањето за увоз на живинско месо да го решиме овде кај нас, па не и понатаму како што реков со живинско месо да се снабдуваме од Словенија, или пак некоја господа да увезува мисирки и живинско месо дури од Америка.

Сметам дека со донесувањето на овој закон за царински тарифи овие неправди од оваа година ќе бидат заборавени, ќе се избришат. Се разбира ако денеска по овие 250 амандмани по овој закон, некои наши бизнисмени што седат во овие пратенички клупи не успеат овој закон да го изрешетаат и повторно да се вратиме на состојбите со увозот на храна како што беше состојбата до вчера. Мислам дека Законот за царински тарифи треба да го поддржиме. Јас ќе гласам за него и како пратеник имам поднесено два амандмани, еве еден амандман е повторно. за опинците за кој мислам дека ќе биде прифатен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Зоран Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, мислам дека не треба да има такви реакции,„зашто ова е важен закон и треба некој да се јави да зборува. Јас ќе бидам сосема краток и сакам накусо да ги дадам своите видувања по овој закон, кој е од извонредно големо значење зашто во стопанството и за севкупниот живот на РМ.

На барање на Пратеничката група на ЛП, министерот даде некое дообјаснување посебно со значењето на овој Предлог закон ви за ви меѓународни организации пред се Светската трговска организација. И покрај тоа што ние очекувавме дека ова објаснување ќе биде поисцрпно и пообразложено, сепак тоа е направено и мислам дека е добро, а и самиот министер рече дека барањето на Пратеничката група на ЛП беше оправдано.

Ќе бидам сосема краток околу образложението за моето видување на овој закон. Овој закон ги зема предвид сите три функции развојна, заштитна и фискална. Заштитната, особено кај храната за што зборуваше и колегата Тантаров е значително подобрена и мора во таа насока да оди барем во овој период бидејќи сме соочени со неможност за пласман на земјоделското производство и неговото пропаѓање. Ако би се увезувале оние земјоделски производи што ги имаме овде, секако би имале штета и оваа заштита мора да продолжи и понатаму да ги заштити сите видови на храна и земјоделски производи што ги произведува РМ.

Што се однесува до развојната функција мислам дека е нагласена но недоволно, во која смисла прашувам. Во смисла затоа што за некои видови на современа технологија на пример ласерки машини и др. што не се произведуваат овде е дадена доста висока царинска стапка. И во оној стадиум во кој што се наоѓаме и во кој што мора да го преструктуираме производството и да го оживиме во овие услови каде

маса луѓе останувaат без работа и каде излезот се бара во малите и средните претпријатија, оваа развојна функција треба да биде многу понагласена од фискалндта и покрај тоа што на државата им е потребен приход.

Ако ги земеме како пример некои соседни земји како Грција и Турција, пред 30 години, токму една од компонентите на реформите што ги презедоа во тој поглед беше реформата во царинскиот систем и давање предност на развојната функција на овој вид законик. Така сме сведоци дека во тие земји кои немаа никакво производство дека тоа денеска е многу заживеано и веќе има производство со висок степен на технологија.

Во поглед на заштитната функција, оние производи што се произведуваат во РМ со висока технологија, посебно мора да се заштитуваат, и во овој стадиум. И покрај тоа што рековме дека иднината е во малите и средните претпријатија мора да се заштита големите би рекол стопански гиганти, системи кои се уште не се преструктуирани. Тука пред се мислам на МЗТ, ОХИС, Железара. Како пример е даден препаратот за перење, односно прашкови не е дадена максимална царинска заштита, а од друга страна пак сме сведоци дека ОХИС секојдневно отпушта луѓе, сите оние што се преку 25 години стаж да одат на биро за вработување до исполнување на времето за пензионирање а во исто време имаме, зборувам за контролиран увоз, на квалитетни и неквалитетни прашоци, и покрај тоа што кај нас се произведува доста квалитетни во овој голем стопански гигант, како и во некои помали. Затоа мислам дека овде на овие системи мора да биде максимална царинската заштита.

Мораме да обрнеме посебно внимание а јас мислам дека и претставниците на Владата како и пратениците на писма на некои големи стопански гиганти како што е Тетекс, Макпетрол и други каде што

укажуваат на некои потреби, а тоа е можно да се направи низ амаднманска расправа, бидејќи тука се дадени во оваа смисла голем број амандмани.

Во поглед на текстилната индустрија која што е во се потешка состојба а која што претставува според некои проценки околу 30% вработеност во непосредното производство, исто така мора да се вложат максимални напори, а во таа смисла се поднесени доста амандмани, да се заштити во таа смисла. Знаеме дека со овој закон се укинува член 53 значи увоз заради доработка и повторен извоз односно кај текстилната индустрија таканаречените лонг работи. Како што е објаснето тоа е барање од меѓународни организации и ако не е барање иако негираат јас сметам дека непотребно се укинува иако е причината за укинување на членот 53 само заради тоа дека нема контрола на тој увоз, дали доволно се извезува, тоа е веќе проблем на државата. Меѓутоа на Комисијата за стопанство и во некои други комисии беше ветено дека паралелно уште во претходните фази на овој закон ќе оди и Законот за повраток на царини. Колку што сум информиран тој закон се уште не е влезен ниту во владина процедура ниту во собраниска. Иако веќе не е влезен како што беше ветено јас би молел министерот да одговори кога ќе влезе во процедура и кога можеме да очекуваме да дојде.

Исто така, сметам на РМ и е потребна и рафинерија. Меѓутоа условувањето за што веќе е донесена и одлука дека исклучиво во Македонија може да се увезува сурова нафта, односно неможноста да се увезуваат нафтени деривати, може да предизвика големи пореметувања. Предвидени се царински стапки за нафтени деривати од околу 20% меѓутоа тие и така не се доволни, увозот е ограничен и мора да се увезува сурова нафта да се преработува. Меѓутоа во одредени ситуации кога настануваат пореметувања на светскиот пазар на нафтата се можни големи осцилации со што е можно повторно да се врати онаа слика што

ја имавме пред неколку години односно немање доволно горива и нафтени деривати при што целото стопанство беше запрено.

Од друга страна пак Големата стапка на царинската тарифа на нафтените деривати од 20% може да предизвика зголемување на цената на нафтените деривати а со тоа покачувањето на транспортот и поскапување на и онака нашето прескапо производство и смалување на неговата конкурентност за извоз.

Во светот во поголемите земји, веројатно и кај нас било од стратешки или од пазарни услови е потребна таа рафинерија, меѓутоа за довие рафинерии стојат големи трговски куќи кои што ги покриваат и меѓусебно се надополнуваат. Така во случаите кога цената на нафтата на светскиот пазар е доста висока, тогаш обично овие помали земји практикуваат увоз на готови деривати и обратно кога е таа поволна суровата нафта се преработува. Ако не се внимава на тоа, навистина се можни големи пореметувања во транспортот, производството и во сите стопански и индустриски гранки во РМ. Позната исто така е и структурата на рафинеријата меѓу белите и црните деривати и дека е таа не- поволна и многу повеќе се произведуваат така наречени темни - црни деривати и дека е неопходно нејзино пресруктуирање. ВО тоа треба да учествува и државата, а самата рафинерија ако не е способна, видовме од писмото на Макпетрол дека е способен и спремен да учествува во преструктуирање на Рафинеријата и да стане сосопственик за да може да се подобри соодносот на производството.

Би се задржал уште за царината на возилата, поголеми и бурни расправи на состојбата таква што е со под 2% на оние кои немаат катализатор. За стари возила нема да зборувам и за тоа има поднесено амандмани и доста е зборувано. Зборувам за оние возила со мала литража и мала кубатура до 1500 кубика, царината би требало да биде многу пониска односно 5%. Со тоа би се постигнале повеќе ефекти и

замена на стариот возен парк, кој во просек е преку 12 години стар. Со тоа би се подобрила безбедноста во сообраќајот, и би се подобрила ситуацијата во еколошка смисла. Оттаму сметам дека за малите, не за големите возила дека царината би требала да биде многу пониска, имајќи предвид дека ние всушност немаме производство на автомобили и тука тој амандман со кој што се предалата намалување на царинската стапка на 5% би требало да се прифати но само за малолитражните возила до 1500 кубика.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Бранко Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Јас навистина ќе бидам краток, бидејќи привршуваме со дискусија а јас можеби сум еден од последните дискутанти. Меѓутоа, морам да признам дека после едно компетентно објаснување на нашиот ценет министер д-р проф. Таќи Фити, не ни остана ништо освен да го поддржам законот и содржината на законот, зошто таа е прифатлива и е доста светски ориентирана. Така во тој дел немам некои посебни забелешки, освен да укажам на неколку работи зашто самата дискусија на министерот ме натера вака да размислувам кога ги објаснуваше трите основни компоненти, развојната, фискалната и заштитната функција.

Ми падна во очи и она што јас го добивам како претседател на Комисијата за труд и социјална политика во однос на структурата на вработените лица во РМ и движењето на општествениот производ односно националниот доход во определени гранки. Тоа ме натера вака гласно да размислувам, не се подготвував за дискусија по овој закон иако учтиво и паметно го прочитав, меѓутоа не сум ни голем стручњак за него затоа што многу малку работам во рамките на овој закон. Меѓутоа, ми падна во очи текстилната индустрија. Зошто токму таа? Гледам таму

дека имаме вработено повеќе од 50-60 илјади луѓе и помножено со факторот 4 можеби таму зафаќаме околу 200 илјади граѓани на РМ, кои што егзистираат од оваа индустрија. Имајќи ги предвид и сите показатели што се однесуваат на технолошкиот вишок, на стечајните организации, на организациите кои немаат земено плата повеќе месеци, имам убедување дека оваа текстилна индустрија која сепак е носител во РМ, бидејќи секоја наша општина или град имаа по некоја текстилна индустрија. Еве и нашето Куманово има две текстилни фабрики кои што исклучиво се наоѓаат во многу тешка положба. Во тој контекст мислам дека е оправдано да дојдеме во дилема, дали сега во оваа гранка докрај ја обезбедуваме развојната функција. Зошто го зборувам тоа? Ако ние имаме царинска стапка на ткаенини 12% и на вештачкото влакно 20% тогаш дали во почетокот, бидејќи овие два фактори учествуваат со 50% од општиот производ и ако се врши ослободување од царината на волна и на памукот, кога уште во стартот ние ја зголемуваме цената на производот, а нашите текстилни организации со ваква конјуктура и структура на производот и со ваква структура на вработени и материјална основа, ми се чини дека ги ставаме во уште полоша положба и ако ги ослободуваме со 5% за машините и тн.

Мислам дека засега е појасно и попотребно да имаме увоз на ткаенина и на она вештачко влакно што треба да го произведуваме заради тоа што во извесна смисла сепак овие наши организации имаат доволно машини, бидејќи машините бараат и поголеми материјални средства и инвестирање.

Во тој контекст се залагам, сепак оваа гранка која што е за мене е доста клучна во РМ да добие посебен третман со, да не речам, она што го правиме за прв пат и во историјата за земјоделието кога сепак правиме напори земјоделството да се заштити од надворешниот увоз,

нормално она земјоделство кое ќе даде само поголеми резултати. Така во тој контекст се залагам еве на мојот колега Мирко Пецов кој што има поднесен©-. извонредни амандмани во тој дел да ги поддржиме, зошто токму тука имаме едно извонредно подобрување и мислам дека овие лица што се занимаваат со текстилна индустрија треба да ги почитуваме зашто имаат голема мака, а не верувам дека овој дел можеби многу негативно ќе влијае на севкупната состојба на државата односно на приходите. Зошто? Еве јас ќе изнесам еден социјален аспект. Ако обезбедиме едно поуспешно производство, ако обезбедиме посигурна плата на овие 50 илјади вработени односно издржување на 200 илјади, тогаш индиректно го растоваруваме фондот односно социјалниот фонд каде практично 50% од тие вкупни средства ги даваме посебно на овие организации кои што на некој начин не примиле плата, треба да влезат во социјална програма или се во стечај или технолошки вишок и треба да одат на биро за вработување преку онаа ставка 1,5, да обезбедуваме средства. Тоа значи од шупло во празно - ги земаме парите во буџетот па ги враќаме назад заради тоа што не се обезбедени. Лично јас сум убеден и ако не сум економиста и сметам дека е подобро да го поспешиме производството, во оваа транзиција од 4-5 години да создадеме некакви услови и понатаму да водиме сметка да ги избалансираме сите односи во овој дел.

Кога се работи за земјоделието јас реков, меѓутоа ќе повторам, дека е добро што го заштитуваме нашиот земјоделец бидејќи знаеме дека околу 30% во РМ се занимаваат со земјоделие. Меѓутоа мораме да водиме сметка како Влада и како ресорни министерства посебно за земјоделство и за финансии во однос на тоа. Кај нас е вообичаена практиката ако немаме увоз имаме подигање на домашните цени. Тоа по- дигнување на домашните цени практично овозможува на некој начин да го загрозува животниот стандард на сите граѓани заради тоа што

државата прави напори да го заштити. Јас зборувам за легален увоз. Не зборувам за илегален увоз кој што ни ги расипа сите односи. Меѓутоа во тој дел мораме нешто да балансираме. Инаку ако создадеме услови на она што пазарот го бара каква е понудата а каква потрошувачката, тогаш се доведуваме во ситуација на пример оризот беше една марка а сега на пазарот е 4 марки.

**БРАНКО АРСОВСКИ:(**Продолжение)

Ако го направиме тоа и за другите производи верувајте дека кај нас се уште ја нема таа пазарна•култура. Ако можеме ние денеска да искористиме можеби патлиџанот ќе го направиме и 10 марки. Зошто? Затоа што го нема на пазарот. И во таа смисла апелирам до министерот за земјоделие и министерот за финансии тоа да го имаат во предвид за да сепак некогаш забраната на увозот можеби ќе влијае во однос на подигање на самите цени. И на крајот да кажам дека онаа третата функција, фискалната функција многу е пренагласена во овој закон. Мислам дека таа треба да ја губи таа функција во однос на развојната и заштитната, а таа да биде по симболична и со други параметри таа треба да влезе иако тие меѓусебно се испреплетуваат што го прифаќам мислењето и тоа ме разубеди да размислувам поинаку,она што го кажа министерот.

На крајот да кажам дека го прифаќам текстот и комплетно Предлогот на закон.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, во оваа прилика јас би сакал да укажам на еден сегмент од законот, односно на глава 38 поглавјето, односно тарифниот број 3808 каде што се обработени заштитните средства инсектициди, фунгициди, хербициди, родентициди и други хемиски производи. Ова сакам да го потенцирам од причина што ние пред неколку дена поприлично овој Парламент и колегите пратеници посветија внимание и дискусија на проблемот со пласманот на земјоделските производи во Република Македонија од една страна како проблем. Јас би рекол дека покрај другите проблеми е и проблемот на производната цена на земјоделските производи. Кога зборувам за

производната цена на овие земјоделски производи во целост барем кај дека нас мислам дека како основен сегмент е и цената на репроматеријалите кои што се користат во земјоделското производство. Од сите средства кои што се вложуваат во земјоделското производство би сакал да потенцирам дека најголема стапка можеби и повеќе од 50% отпаѓа токму на заштитните средства. Што тоа значи? Земјоделците од една страна во две групи би ги класифицирале. Оние што немаат можности да набават заштитни средства добиваат навистина неквалитетно земјоделско производство па имаат проблем со пласманот на ова земјоделско производство, бидејќи заштитните средства засега кај нас се една од највисоките стапки. Оние пак што ќе издвојат средства , финансиски средства за да набават заштитни средства тогаш нивниот производ е значително поскап. Значи имаме две крајности, или многу скапи производи, или неквалитетни земјоделски производи. Од таа причина јас би сакал да укажам дека до Министерството за финансии и Министерството за земјоделие и колегите пратеници да имаат во предвид дека по овој закон меѓу другите амандмани се поднесени и три амандмани во смисла намалување на стапката на царина за заштитните средства. Во тие амандмани е укажано дека се бара и целосно намалување на стапката од 15 на 10%. Јас би сакал да кажам и еден прилог да дадам во целата оваа работа јас би се залагал за намалување само на заштитните средства конкретно на фунгициди, инсекциди и хербициди исклучувајќи ги другите подцарински броеви, тарифни броеви каде што се обработени други заштитни средства родентициди или пак свртени во друго.  Што со ова се допринело? Навистина ова би било еден голем допринос во целокупното наше земјоделско производство бидејќи земјоделците кои што сега издвојуваат 50% само по основ на заштитни средства навистина тоа е една стапка која минимално во Република Македонија, односно земјоделието издвојува годишно над

15 милиони марки. Па доволно е и 5% ако во овој момент најдеме разбирање да ја намалиме царината само за 5% од предвидените 15 да се намали на разумното барем 7 до 10%. Навистина ова би било сосема доволно да имаме целокупно разбирање во самото земјоделско производство од причини што и другите репроматеријали како што се. ѓубривата, земјоделската механизација или пак семето е навистина со ниска царинска стапка од 3 до 5%. Нез нам од кои причини само кај овие заштитни средства е направен одреден превид и сите овие царински стапки што ги има во соседните земји во Европа никаде царинската стапка не поминува од 3 до 5%. Кај нас е предвидено 15%. Реагирање имаме од страна на многу комбинати, имаме добиено писма, навистина ова е загрижувачка појава и ако ние овој пат ја изгласаме оваа стапка како 15% навистина би направиле една голема грешка спрема целокупното наше земјоделско производство и навистина тешко би се создале услови да ние на една друга седница дискутираме после со пласманот, проблемите во земјоделското производство, развојот на земјоделското производство, или пак да тоа биде конкурентно на европскиот пазар. За да биде конкурентно меѓу другото мора нашето земјоделско производство да користи и навистина репроматеријали по европски цени односно во никој случај не би требало да бидат оптеретени со 15% царина. Затоа предлагам да имаме разбирање сите при разгледувањето на ова поглавје односно при усвојувањето на овие амандмани.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор:

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Јас се извинувам малку покасно се јавив. Г-дине претседателе, дами и господо, мислам повеќе пати го поставуваме прашањето кога ќе

се донесе законот за царинската тарифа . Еве денеска дојде на дневен ред и се надевам дека ќе биде донесен во текот на денешниот ден и мислам дека вака предлогот како што е предложен сепак мислам дека дава една правичност , сепак дава еден материјал на база сите согледа-ни досегашни проблеми кои што беа во нашето стопанство и кои што го користевме законот порано донесен Југословенскиот закон по тие тарифи. Сега за прв пат се донесува македонска тарифа и мислам дека ќе можеме многу брзо да ги согледаме каде имаме пропусти каде што треба стапките да се намалуваат, а каде што треба да се зголемуваат. Јас согледав прилично доста амандмани кои ги има оправдани, кои ги има и неоправдани амандмани. Мислам дека поединци согледуваме поедини области од стопанството, поедини гранки и поедино производство, а меѓутоа во целина немаме увид на македонското производство кое го имаме. Меѓутоа министерствата и Владата го имаат согледано и мислам дека прилично законот е добар и мислам дека би требало сите амандмани да се поттргнат сега во оваа фаза, туку исклучиво да биде законот донесен. Меѓутоа имам поим дека сепак за мали пропусти кои што се појавуваат дека амандманите би требало да се гледаат. Но притоа давам еден предлог за конечно и тотално применување на законот за царинската тарифа и да ги извршува функциите поготово развојната функција . Мислам дека треба веднаш да уследи еден програм што недостасува на македонското стопанство што се увезува , за што треба да стои и инвестирање, да се инвестира да се произведе таков производ кој ќе биде по цена поевтин, а по квалитет ист како што се и увезува и можеби подобар квалитет. на тој начин ќе можеме да постигнеме развојната политика тука не го издвојувам само земјоделието, а прво би било во земјоделието, мислам сите заштитни средства воопшто за земјоделието, а потоа и за сите други гранки. Меѓутоа јас прилично одев на тоа стапките да бидат што пониски, дека ќе

извршиме задоволување на индустријата, меѓутоа не сум бил во право и согледав дека требало некои и да се покачат некои стапки и да се заштити некое производство, но до која граница сепак треба да се одреди да се заштитува. Не може некоја цена која што е пазарна цена денеска да тречеме 100, а за некој ден да стане 500. Мора тогаш министерствата,односно Владата да врши интервенција и на увоз иако имаме такво да речеме производство, иако стапките се ниски да изврши увоз, да направи интервенција заради заштита на стандардот на граѓаните. Јас во целост, баш ме радува и со особено задоволство го прифаќам македонскиот закон за царинските тарифи кои што за прв пат се донесува и мислам дека тој закон ќе даде поголем поттик за развојот на македонското стопанство и дека увозот од ден на ден ќе се намали, а суровините и репроматеријалите ќе може да се произведуваат во Македонија и ќе можат сите ресурси да бидат искористени целокупното богатство кое што го имаме во Македонија ќе може побрзо и поефикасно да се користи и инвестициите ќе бидат нешто поголеми, а со тоа и вработувањето.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ТАКИ ФИТИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, дозволете ми сосема накусо да одговорам на прашањата на пратениците , мислам ред е, бидејќи беа директно упатени. Прво, ние мислиме дека нема потреба да се носи закон со кој што би се регулирало повратувањето на царина. Тоа ќе се направи со уредба, или со упатство што го донесува Владата на Република Македонија. Меѓутоа факт е дека по итна постапка

Собранието ќе мора да интервенира во еден член кај законот за надворешно - трговско работење. Ние можеме тоа многу брзо да го направиме, да речеме на прваат наредна седница бидејќи најверојатно овој закон ќе влезе во сила некаде од 15 август. Има амандман во таа смисла кој што за нас е прифатлив. И мислам дека тоа нема да биде особен проблем. Битно е дека ние веќе работиме на осмислувањето на решени- јата во уредбата , тоа е многу битно таа да биде квалитетна и да го обезбедува ефикасно повратувањето на средствата.

Член 5 3 факт е, прво не се дозволува и со принципите на Светската трговска организација меѓутоа тој значеше автоматизам во ослободувањето од плаќањето на царини, а додека инструментот повратување на царини е нешто друго. Тоа е решение кое што го имаат сите земји со современа пазарна економија и нормално е бидејќи таков систем градиме да го прифатиме таквото решение, а овој и така правеше големи проблеми не само заради неефикасноста на следењето на увоз заради извоз.

И г-динот кажа , јас не можам до крај да тврдам дека нема да биде терет барем во почетниот момент фактот што ќе мора да се купат суровините. Меѓутоа има и еден друг момент за кој што треба да водиме сметка. Ниеден рационален стопанственик , или претпријатие нема да го направи вкупниот увоз на репроматеријали и суровини за цела година. Тоа е првата година. Мислам тоа се купува на циклуси . Јас кажувам што е во модерни стопанства, бидејќи ако така се постапува, тогаш автоматски тоа значи врзување на капиталот кој што не функционира. Секое вложување во суровини значи врзување на капитал. И од чисто економски аспект тоа е замрзнат капитал. Знам дека имате и берзански производи и т.н. Меѓутоа кај дел од нив пак слободно и не се плаќа

царина. Натаму обртниот циклус видете, Македонија има таква производствена култура каде што нема обртен циклус што трае долго, да речеме просечниот обртен циклус во многу индустрии е 2 до 3 месеци и т.н. Ако го исклучиме земјоделството каде што пак заштитата ја имаме каде што поради природата на технолошкиот процес трае скоро една година и тука исто така не гледаме особени проблеми. Што значи законот од аспект на трговските спогодби со Република Словенија, СР Југославија она што г-динот пратеник Никола Поповски го постави. Денес во светот како што реков постои општа тенденција на либерализација на надворешно - трговската размена и особено многу нагласена тенденција за интензивирање на размената врз регионални принципи, односно меѓу земјите во регионот, соседните земји и т.н. Практично најголемиот дел од светската размена се одвива во некакви интеграции по лабави, или поцрвсти. Ако ја оставиме настрана Европската Унија што е најцврст облик на економска интеграција во светот, земете го случајот со Асејан да речеме Југоисточна Азија, нафта сега Канада, САД, Мексико и т.н. Расте таа соработка врз регионален принцип што е многу нормална бидејќи блиску се земјите , мали се транспортните трошоци, често пати има комплементарност има можност за заемни директни инвестиции и партнерите, земјите наоѓаат таков интерес и тоа го профелираат, односно го реализираат. Секоја земја сама треба да оцени дали и се исплати тоа да го прави, а Светската трговска организација и ваквиот цarински тарифник воопшто не смета тука. Со онаа земја со која што ќе имате таква трговска спогодба значи не се работи за слободни цarински зони, лапсус беше, меѓутоа оние земји со кој што ќе склучиме слободни трговски , односно секоја земја сама одлучува дали има интерес со соодветна земја тоа да го направи. Ние тоа го направивме со Република Словенија каде што можеби како решение беше поделикатно со оглед на многу повисокиот степен на економска развиеност и поголемата кон-

VII/8.-

курентска способност на Република Словенија, меѓутоа оценивме дека условите се добри особено заради постоење би рекол на преоден период бод скоро 4,5 години и можност да одиме со сензитивна листа на производи за кои што Република Македонија е посебно заинтересирана и во тој период посебно ќе ги штити пак заради разликите во степенот на економската развиеност. Има да речеме, знаете тоа и во штампа пишува, најава од соседна Сојузна Република Југославија да тоа го направиме и со нив и тоа да појдеме на преференцијален третман, односно да се сведе само на 1%, она што го имавме пред ембаргото. И оценка е на Владата да кажеме , јас сум лично убеден во тоа дека навистина тука ние треба да појдеме на таква можност од простата и едноставна причина што традиционално соработката меѓу двете економии беше многу голема,а да Ве потсетам на податокот дека Македонија во рамките на поранешна Југославија од вкупниот извоз во рамките на земјата 60% одеше на пазарот во Србија. Според тоа очигледно имаме интерес заради нашата традиционална упатеснсот на нашиот извоз на овој пазар. Вие сите знаете поготово стопанствениците не е лесно да направите прориентација да појдете на друг пазар и немаме интерес тоа да не го правиме особено заради фактот што и по општествен производ перкапита и по конкурентност сме тука бннекаде. Ние тоа го предложивме и со Албанија , треба да видиме дали ќе прифатат . Мислам дека со тек на време ќе се предложи и на Бугарија, на крајот на краиштата регионалната компонента за развојот е битна за нас. На тоа Вие знаете дека и Европската унија инсистира за подолгорочна ако ги гледаме интеграционите процеси и тоа може да придонесе само за натамошна либерализација на надворешно - трговската размена и побрзо течење на стоки и услуги во рамките на регионот што во услови на релативно исто, или слично рамниште на економска развиеност не би преставувало никаков проблем од аспект на интересите и специфичните интереси  на Република Македонија.

**ТАКИ ФИТИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Интересно околу второто прашање, ние имавме многу мал степен на пондерирана заштита која одеше 2,95, 3,5, 3,95 некогаш, а да речеме на ниво на Европска Унија е преку 6%, во некои земји 6,5%. Меѓу другото заради членот 53 каде имавме неселективно и страшно големо ослободување. Тешко можеме сега да го пресметаме степенот пондерирана заштита, бидејќи треба да се направи увозот па да се пресметаат количини, цени, господинот Поповски тоа го знае затоа што е економист по струка и не мислам дека може да доведе царинскиот тарифник до бетонирање на производната структура, факт е дека ќе дејствува, можеби врз конзервирање на одделни сегменти, меѓутоа, не може да има толку пресудно влијание еден закон иако е режим на надворешно - трговска размена од проста едноставна причина што денеска самата производствена структура во голема мера во современиот свет се менува во рамките на основната дејност. Земете го земјоделието. Порано се мислеше традиционална структура е земјоделството и тоа е сектор кој е типичен за неразвиени земји. Меѓутоа, модерно организирано земјоделство денеска е многу пропулзивен сектор што го покажува Европската Заедница, земете ја Данска и тн. Колкави можности имаме да ја менуваме производната структура внатре во земјоделството со оглед на тоа што многу работи не произведуваме што објективно можеме да ги произведуваме. Вегета, мајонез, храна за бебиња, преработки од мед што се високо профитабилни, високо пропулзивни чиста храна и слично.

Според тоа, од друга страна да не заборавиме веќе 90 илјади нови мали и средни претпријатија од нив 69 илјади активни со јасна тенденција на опаѓање на бројот на мали и средни претпријатија што се занимаваат со трговија. Расте бројот на мали и средни што се занимаваат со индустрија и тоа е промена на производствената

структура, според тоа процесите понатаму ќе си течат. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Само да ги појасниме работиве. Ако е така зошто не размислувате за царинските давачки да обезбедиме банковни гаранции од соодветни банки што вие ќе ги набележите. Ќе обезбедиме гаранции, по завршувањето на производствениот циклус за одредено производство ќе се седне, ќе се срамнат сметките ова е за извоз, ова е за дома, толку треба да се наплати, другото се ослободува. Издејствувајте такво нешто. Затоа што ќе биде сериозно, вие рековте берзански производи волна, памук, ако се слободни, но има нивни полуфабрикати топс волнен памучен, боите баер, циба, нема таму ние ка- ко сакаме и низа други работи што привидно ни седат дека се многу, дека многу малку чинат, меѓутоа, во производството чинат многу. Така што тоа се собира во еден период. Нека се размислува на овој начин поготово што имаме време, до 15 август.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

(Предлагам пауза до 15,00 часот, малку да се освежите и со намера законот денеска да го донесеме).

(Седницата прекина со работа во 14,15 часот).

(Седницата продолжи со работа во 15,40 часот).

Во салата се присутни 52 пратеника, немаме кворум за работа.

Немаме услови за работа, продолжуваме утре во 10 часот, а по завршувањето на оваа седница ќе продолжиме со Педесет и првата седница.

(Седницата прекина со работа во 15,45 часот).